26789

Нова Македонија, Скопје, 16. IX. 1980. 12088, 1.

СИНОКА ВО МУЗЕЈОТ НА ГРАД СКОПЈЕ

# Отворена 12-та Светска галерија на карикатури

● НА ОТВОРАЊЕТО НА ИЗЛОЖБАТА ГОВОРЕШЕ ВЛАДО МУРАТОВСКИ. — ДО КРАЈОТ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА ТРИ МИНИ-КОНКУРСИ, ИЗБОР НА ТЕМАТА ЗА СЛЕДНАТА ГАЛЕРИЈА И СИМПОЗИУМ

Дванаесеттата светска галерија на карикатури што е посветена на тема „Внимание, човек!", почна синоќа во Музејот на град Скопје, кога беше отворена изложбата на селектираните карикатури што пристигнаа оваа година. Во присуство на голем број општествени јавни и културни работници, како и гости на Галеријата, за значењето на оваа своевидна манифестација на карикатурата говореше претседателот на Извршниот совет на Собранието на градот, Владо Муратовски.

По отворањето на изложбата, на годинашните добитници им беа врачени првата Гран при и десетте втори награди. На темата „Внимание, човек!" годинава до Галеријата, што по традиција ја организира скопското списание за хумор и сатира „Остен", стигнаа 850 карикатури од 350 автори од над 20 земји.

Гостите на 12-та Галерија денес јавно ќе цртаат на платото пред новиот Културен центар и ќе ја изберат темата за следната Галерија. Од утре до сабота ќе одржат мини-конкурси на различни теми во работни колективи во Скопје, Стоби и Ресен и симпозиум во Струга на тема **„Карикатурата — непријатен пријател на човекот".**